**SDG (ОРЦ) индикатор 5.а.1**

Помошно средство – Анкетен модул за собирање (податоци) на **индивидуално ниво** **(самостоен испитаник)**

| | **Список на прашања** | Одговори | Објаснување |
|---|---|---|---|
| Q1 | **Дали во моментот користите, имате или поседувате права за користење на какво било земјоделско земјиште (вклучувајќи и пасишта), самостојно или заедно со друго лице?** | 1_Да<br>2_Не (крај на модулот) | Пријавено поседување (самостојна перцепција за статусот на поседување на испитаникот).<br>Ова прашање се однесува на тоа дали испитаникот, а не домаќинството на испитаникот, поседува земјоделско земјиште.<br>Го мери пријавеното поседување, што ја доловува самостојната перцепција на испитаникот за неговиот/нејзиниот статус на поседување, без разлика дали испитаникот има формална документација. |
| Q2 | **Дали постои документ за кои било земјоделски површини што ги поседувате, а е издаден или регистриран во Земјишен катастар/Агенција за катастар, како што е имотен лист, потврда за сопственост, потврда за наследно стекнување?** | 1 - Да<br>2 - Не >> Q4 | Ова прашање идентификува дали постои законски признат документ за какво било земјоделско земјиште коешто испитаникот пријавил дека го има.<br><br>Документираната сопственост / обезбедните права се однесуваат на постоењето на каков било документ што поединецот може да го користи за да ја потврди сопственост или обезбеди законски права врз земјиштето. |
| Q3 | **Какви документи постојат за земјоделското земјиште кое го поседувате и дали вашето име е наведено на некој од документите како сопственик или носител на правата за користење?**<br><br>**НАВЕДЕТЕ ДО 3, ПОКАЖЕТЕ ФОТОГРАФИЈА ЗА ПОМОШ** | Шифри за тип на документ:<br>1 - имотен лист<br>2 - уверение за обичајна сопственост<br>3 - уверение за запоседнатост<br>4 - уверение за наследно стекнување наведено во регистарот<br>6 - закуп, регистриран<br>7 - друго (наведете: _____________) | Списокот на опции е индикативен и земјите се охрабруваат да донесат листа специфична за земјата.<br><br>Од најголема важност е списокот да вклучува само документи кои се релевантни во земјата и кои се извршни согласно законот. Бидејќи поединечните имиња можат да бидат наведени како сведоци на документот, важно е да се праша дали испитаникот е наведен „како сопственик“ на документот. Се препорачува мерката документирана сопственост/обезбедени права да не е условена со тоа што испитаникот ќе го достави документот за анкетарот да го потврди. |
| Q4 | Дали имате право да го продадете земјоделското земјиште во ваша сопственост, самостојно или заеднички со друго лице? | 1 Да<br>2 Не<br>98 Не знам<br>99 Одбива да одговори | **Права на отуѓување.**<br>Со ова прашање се добиваат информации за тоа дали испитаникот верува дека има право да го продаде земјоделското земјиште што пријавил дека го поседува. Кога испитаникот има право да го продаде земјиштето, тоа значи дека тој или таа има право трајно да го пренесе земјиштето на друго лице или субјект за паричен или непаричен надомест. |
| Q5 | Дали имате право да го оставите во наследство земјоделското земјиште во ваша сопственост, самостојно или заеднички со друго лице? | 1 Да<br>2 Не<br>98 Не знам<br>99 Одбива да одговори | **Права на отуѓување.**<br>Со ова прашање се добиваат информации за тоа дали испитаникот верува дека има право да го остави во наследство земјоделското земјиште што пријавил дека го поседува. Кога испитаникот има право да го остави земјиштето во наследство, тоа значи дека тој/таа има право да го подари земјиштето со усен или писмен тестамент на друго лице(и) по смртта на испитаникот |